# фала му на Аллах кој ги сведе шејтанските сплетки само на дошепнувања

Ибн Абас, Аллах нека е задоволен со него, рекол: Еден човек дојде кај Божјиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, и рече: „О, Аллахов Пратенику, еден од нас чувствува во себе толку лоши мисли што би му било подраго да стане пепел отколку да го изговори тоа.“ Пратеникот рече: „Аллаху екбер, Аллаху екбер, фала му на Аллах кој ги сведе шејтанските сплетки само на дошепнувања."
[صحيح] [رواه أبو داود والنسائي في الكبرى]

Еден човек дојде кај Божјиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, и рече: „О, Аллахов Пратенику, еден од нас чувствува во себе лоши мисли што се појавуваат во душата, но зборувањето за нив е толку тешко, што би му било подраго да стане пепел отколку да ги изговори.“ На тоа Пратеникот, салаллаху алејхи ве селем, двапати рече „Аллаху екбер“ и му се заблагодари на Аллах што ги свел шејтанските сплетки само на дошепнување.



النجاة الخيرية
ALNAJAT CHARITY
لجنة الدعوة الإلكترونية
EDC E-Da'wah Committee